# Дневна хемеротека за *23.06.2017г.*

## Канал5 - *Во Собранието формирана неформална група ,,Пријатели на Охрид под УНЕСКО*

http://kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=126706

### Во Собранието формирана неформална група ,,Пријатели на Охрид под УНЕСКО

МАКЕДОНИЈА | *Прочитана: 60 пати*

***Целта беше проектите да се ревидираат, да се стопираат и на тој начин повторно да се увиди нивното влијание врз животната средина,рече пратеникот од СДСМ , Томислав Тунтев .***

Новата реформска Влада вети и веќе остварува комплетна ревизија на сите т проекти кои од еколошки аспект претставуваа опасност за охридското подрачје и изработка на сериозни студии од страна на сериозни куќи во однос на импактот врз животната средина. Приоритет на сите надлежни институции мора да биде спроведувањето препораките на реактивната мисија на УНЕСКО која пред два и пол месеци беше во Охрид и изврши надзор и ги даде своите препораки до Комитетот.



## Спектра ТВ - [Експерти ќе изработуваат студија за одржлив транспорт во Охрид](http://spektra.com.mk/lokalni/eksperti-ce-izrabotuvaat-studija-za-odrzliv-transport-vo-ohrid)

http://spektra.com.mk/lokalni/eksperti-ce-izrabotuvaat-studija-za-odrzliv-transport-vo-ohrid

### Експерти ќе изработуваат студија за одржлив транспорт во Охрид

Четврток, 22 Јун 2017 | Прочитано 666 пати.



Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко – свест од Скопје ангажира тим од пет експерти од различни области, со цел изработка на физибилити студија за одржлив транспорт во Охрид долж крајбрежјето, на потегот од Охрид до Св. Наум.

– Оваа студија ќе ни даде идејно решение за велосипедска патека, автобуски и бродски транспорт на соларна енергија и ќе ги разгледа можностите за одржливо урбано планирање на Охрид, се вели во дописот од Еко – свест.

– Сметаме дека одржливиот развој на нашите најскапоцени заштитени подрачја е единствениот пат по кој нашата држава може да овозможи климатски отпорни заедници и локален економски развој со придобивки за сите граѓани во Македонија, велат од Еко – свест.

Според нивните планови, студијата наесен ќе биде презентирана и пред јавноста. (Крај)

## Сител - [Штипската фабрика за рециклирање на пластичниот отпад оствари добивка од два милиони денари](http://sitel.com.mk/shtipskata-fabrika-za-recikliranje-na-plastichniot-otpad-ostvari-dobivka-od-dva-milioni-denari)

http://sitel.com.mk/shtipskata-fabrika-za-recikliranje-na-plastichniot-otpad-ostvari-dobivka-od-dva-milioni-denari

# Штипската фабрика за рециклирање на пластичниот отпад оствари добивка од два милиони денари

Во фабриката за рециклирање на пластичен отпад на штипското комунално претпријатие „Исар“ се преработуваат месечно од 15 до 20 тони, истакна на денешната прес-конференција директорот на ЈП „Исар“-Штип, Ангел Бојаџиев.

Тој забележа дека граѓаните пополека стекнуваат навики за селектирање на отпадот, со што се стекнуваат и со одредена економска добивка.

- Ние неодамна набавивме и 300 канти за исфрлање на сметот, набавивме и мали жолти и зелени пластични контејнери за самите домаќинства, а од кои во жолтите се исфрла пластиката и подоцна се преарботува. Набавивме и четири нови камиони, четири трактори за исфрлање на сметот се со цел да се подобри комуналната хигиена, односно се со цел навреме да се исфрла ѓубрето во Општина Штип, вели Бојаџиев.

Тој истакна дека како комунално претпријатие почнале и со собирање на стаклен отпад, а најави дека работат и на проект за преработка на органскиот отпад. Фабриката за преработка на палстичниот отпад досега оставрила добивка од два милиони денари.

# Порта 3 - [Балканот планира изградба на нови термоцентрали, но дали тие ќе бидат во согласност со стандардите на ЕУ?]

*http://www.porta3.mk/balkanot-planira-izgradba-na-novi-termocentrali-no-dali-tie-kje-bidat-vo-soglasnost-standardite-na-eu/*

## Балканот планира изградба на нови термоцентрали, но дали тие ќе бидат во согласност со стандардите на ЕУ?

Речиси ниту една нова термоцентрала на јаглен планирана во земјите од Западен Балкан нема да ги исполнува новите построги стандарди на ЕУ за загадувањето, се предупредува во новата анализа на организацијата CEE Bankwatch Network објавена на 14 јуни.

Компаниите од регионот кои во голема мерка засега не ги почитуваат ниту европските ниту пак националните прописи, доколку на оваа ситуација не реагираат веднаш, подоцна ќе имаат поголеми оперативни трошоци поради неусогласеноста со новите стандарди, пренесува порталот EurActiv. Имено, кон крајот на април, ЕУ усвои нови стандарди (LCP BREF) за големи постројки кои се базирани на најдобрите достапни техники за контрола на загадувањето на воздухот, водата и почвата, како и за лимитирање на нивото на емисијата на штетните гасови кои мора да се постигнат со примената на тие техники.

Анализата на CEE Bankwatch Network опфаќа осум планирани енергетски постројки на јаглен со вкупен инсталиран капацитет од 2,6 GW во Србија, БиХ, Македонија, Косово и Црна Гора, како и ТЕ Станари во БиХ која веќе е изградена односно започна со работа во септември 2016. Притоа, планираните постројки се Тузла 7, Бановиќи, Угљевик III (1 и 2) во БиХ, Kosova e Re во Косово, реконструкција на ТЕЦ Осломеј во Македонија, Плевља II во Црна Гора и Костолац B3 во Србија. Организацијата истакнува дека во регионот се планирани уште централи на јаглен, но дека тие проекти сè уште се во многу рана фаза на подготовка.



Утврдено е дека во однос на граничните дозволени вредности за загадувањето на воздухот од BREF, пет од планираните централи не ги исполнуваат стандардите, додека за преостанатите три нема доволно јавно достапни информации.




CEE Bankwatch Network е мрежа на еколошки движења, здруженија и групи во Централна и Источна Европа, која ги следи и настојува да ги спречи јавните инвестиции кои се штетни за животната средина.